КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 10.09.2014 година, на седница одржана на ден 02.12.2014 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 2528
02.12 2014 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Пресудите во кои се утврдуваат побарувања на доверители иако не содржат задолжение односно немаат престација претставуваат извршен наслов и се подобни за присилно извршување пред извршител од причина што стечајниот судија / управител ги упатил на спор доверителите да ги утврдат своите побарувања.

Одлуките кои се донесени во стечајна постапка и со која се признаени побарувања на име на неисплатени плати и придонеси на поранешни вработени во правното лице – во стечај, доколку завршила стечајната постапка, претствуваат извршен наслов подобен за извршување доколку имаат клаузули на правосилност и извршност.

Сите признаени побарувања или пак оспорени и упатени на спор а подоцна утврдени од страна на парничен суд доколку имаат клаузули на правосилност и извршност претствуваат извршен наслов .

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Зоран Петрески

Бул. ,, Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com